ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 16 – 1/2013
Загреб, 23. 03. 2013.

# З А П И С Н И К

од **3. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **23.03.2013 година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Ангел Митревски – Сплит, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Крсте Атанасовски – Осиек, Велимир Лозановски – Риека и Милена Златеска – Пула.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, О. Ламбевски. Веднаш на почетокот тој објасни дека терминот за одржување на оваа седница беше променет (одложен) поради закажаната седница во Советот за национални малцинства на РХ во врска со донесувањето на Одлуката за финансирањето на програмите за 2013 година. Беше речено дека иако седницата во Советот се одржа, Одлуката сè уште не е донесена, но седницата на УО сепак треба да се одржи без понатамошни одложувања, а кога ќе биде донесена Одлуката за средствата од Советот, членовите ќе расправаат телефонски доколку ќе има потреба. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **со 6 (шест) гласа за и 1 (еден) против (А. Митревски) го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 2. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2013.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2012. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас“ и усвојување на донесените одлуки;
6. Усвојување на Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата;

7. Договор околу реализацијата на програмите во 2013 година и усвојување на донесените одлуки;
8. Донесување на одлука за датумот и местото на одржување на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
9. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 2. седница на УО (прилог) со едно дополнување: во делот кај гостите на седницата, кај „Васил Тоциновски – Риека" да се додаде во заграда „во замена на членот на УО од Риека, В. Лозановски, без право на глас".
**Забелешки:**
* А. Митревски – даде забелешка на забелешката од М. Златеска (дека водителите и наставниците на Летниот камп на Шолта не се исто третирани и дека тоа треба да се промени, бидејќи одговорноста и обврските и за едните и за другите се подеднакви), дека не можел да даде образложение, бидејќи не беше присутен на седницата.
* А. Митревски – даде забелешка на одлуката „Денот на Заедницата" во 2013 година да се одржи во Нова Градишка во спомен на трагичната несреќа и загинувањето на Тоше Проески, и рече дека ќе ја почитува одлуката, но дека е против неа.

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта до сите друштва (прилог). Членовите на УО во кратки црти ги претставија своите случувања од информаторот. Престедателот Ламбевски ги информира присутните за неговото присуствување на Семакедонскиот собир одржан од 2-4 февруари 2012 година во Прилеп по повод 141 година од раѓањето на македонскиот великан Гоце Делчев, а во организација на Граѓанската иницијатива за национално, културно и духовно обединување на македонскиот народ „НЕ-ИМА" – Прилеп. Потоа се осврна на информаторот на Заедницата и се поведе расправа по неколку точки. Б. Штерјов информираше дека од април годинава во просториите на Заедницата ќе почне да се одржува курс по македонски јазик за возрасни во организација на МКД „Охридски бисер".
**Забелешки:**
* А. Митревски – даде забелешка за точките 37. и 50. од Информаторот за работата и активностите на Заедницата, во точката 37. да се измени „потпретседателот Ангел Митревски" со „членот на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски", поради тоа што трошоците за неговото присуствување на Собирот ги подмири Советот, а не Заедницата. Точката 50. останува иста.

**Ад. 3.** За годишниот финансиски извештај на Заедницата „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2012. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2012. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог).
**Забелешки:**
* А. Митревски – даде забелешка дека Финансискиот извештај за Советот членовите на УО не можат да го усвојуваат, туку него го усвојува Советот, а УО само треба да го разгледува и известува за него.
Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги прифатија** и двата годишни извештаи.

**Ад. 4.** Инвентурата на имотната состојба на Заедницата беше спроведена од страна на Инвентурната комисија, а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог).

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- По предлогот на Инвентурната комисија, се извршува отпис на дел од имотот на „Порцуланка – промет“ кој не е веќе за употреба (прилог бр. 3.);
- Се усвојува записникот од состанокот на Инвентурната комисија на Заедницата.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 5.** А. Митревски рече дека е против оваа точка и дека по него, не треба да се разгледува без присуство на главната уредничка на „Македонски глас“, Милена Георгиевска. Претседателот Ламбевски рече дека поради заштеда на средства, нема потреба главната уредничка да биде присутна на седницата, бидејќи никој не дал примедба на предлогот на Ценовникот на „Македонски глас“ кој таа го поднесе и дека членовите на УО се тие што ќе го усвојат или не. Потоа, тој рече дека е вложен голем труд и многу е направено на подобрување на списанието, дека се добиени 8 донации за реклами за број 81. и дека поради тоа списанието ќе се печати на 36 страници и комплетно во боја. Врз основа на донесените одлуки и согласности на состаноците на УО на МКД „Илинден” од Риека и МКД „Билјана” од Задар, за разрешување на досегашните дописници и членови на Редакцијата на списанието „Македонски глас” и Ива Чрњар од Риека и Мирјана Мајиќ од Задар (прилог), членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се разрешуваат Ива Чрњар и Мирјана Мајиќ од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас” како досегашни дописници од Риека и Задар;
- Се именуваат Викторија Ѓорѓевска и Елена Кипровска Кнежиќ за членови на Редакцијата на списанието „Македонски глас” и за дописници од Риека и Задар;
- Се усвојува предлогот на Ценовникот на „Македонски глас“– **со 6 (шест) гласа за, и 1 (еден) воздржан (А. Митревски)**.

**Ад. 6.** А. Митревски ги информира присутните дека на седницата што се одржа во Советот беше речено дека и оваа година се очекува намалување на средствата во однос на минатата, со оглед на сѐ потешката глобална финансиска криза. Исто така, може да се очекува уште еден ребаланс во текот на годината, на кого друштвата мора да сметаат во реализацијата на своите програми. Идната седница во Советот ќе биде одржана на 11 април, кога се очекува да се донесе Одлуката за финансирањето на програмите за 2013 година.

**Забелешки:**

* А. Митревски – даде забелешка дека и Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата членовите на УО не можат да го усвојуваат, туку него го усвојува Советот, а УО само треба да го разгледува и известува за него.

* М. Мајиќ – даде забелешка дека минатата година беше договорено друштвата со приближно истите средства да ги предложат овогодишните планови и програми до Советот, што не е случај. Исто така, таа рече дека идната година изложбата „Творештво на македонските уметници во Хрватска“ нема да се реализира со средствата што досега ги добивале, туку и Задар бара 25.000,00 кн., колку добиваат и останатите друштва за програмите на ниво на Заедница.

Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го прифатија** Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година.

**Ад. 7.** По оваа точка не се расправаше поради истата причина како и за точка 6.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 8.** Поради заштеда на средствата и смалување на трошоците, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** седницата на редовното Собрание на Заедницата да не се одржува оваа година.

**Ад. 9.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да се договори со Културниот дом „Кочо Рацин“ од Скопје за преземање на изложбите „Бели мугри“, „Жената симбол – инспирација“ или „Мултикултурална изложба“ што ни се понудени, за презентација во 2013 година, од кои најнапред би биле изложени на 4 мај на „Деновите на македонската култура“ во Сплит (прилог);
- Да се контактира со Љубомир Винокиќ во врска со преземањето на изложбата од Киро Винокиќ (прилог);
- Да се реши задолжувањето на МКД „Илинден“ од 25.11.2011. со 30 книги „Македонскиот 19. век“ од Горан Калогјера (прилог);
- До 24 мај 2013 година Ангел Митревски да ги врати броевите на „Македонски глас“ (од 1. до 50.) што ги позајми од библиотеката на ЗМРХ на 10.09.2007. за потребите на издавањето монографија за МКД „Македонија“(прилог);
- Ако дојде сметка за неплатениот износ од „Обртнички дом“ од 23.05.2003. за конзумација на храна и пијалак во износ од 1.787,00 кн., да го подмири Заедницата (прилог);
- Да се прати допис до „ЗАМП“ за опомената што е пристигната за неплатена сметка од 16.11.2003. за „Илинден“ во Самобор во износ од 625,00 кн., за отпис на таа сметка поради апсолутна застара (прилог);
- Спиењето на групата „Боеми“ во хотел „Мартини“ во износ на 1.350,00 кн. од 2011 година кој бил издаден на МКД „Илинден“, а не се подмири од нивна страна до 1 мај 2013 година, и не се најде никакво друго решение, да се плати од Заедницата; Ова да биде последен пат Заедницата да подмирува неплатени сметки што требале да одат на терет на некој друг;
- До 1 јуни 2013 година Ангел Митревски да го врати личниот долг во благајната на ЗМРХ од 2012. во износ од 9.744,53 кн.;
- Да се направи задолжување со Ангел Митревски за лаптопот HP COMPAQ од 03.08.2011. во износ од 3.051,00 кн., кој е купен за потребите на Летното училиште на Шолта;
- Не се прифаќа потпишување на Меморандумот за соработка со Невладината организација „Светски релации“ од Скопје (прилог);
- Да се присуствува на 4. Годишна конференција во Скопје, на 25. и 26.07.2013. организирана од Агенцијата за иселеништво на РМ, а елаборат за тема што ќе се презентира на конференцијата да се напише и испрати до 10 април (прилог);
- Се одбива поканата за присуство на „7. Решетарачко прољеће“ во Решетари, на 04.05.2013. од КЛД „Решетари“, поради слабата финансиска ситуација (прилог);
- Да се купи нов дигитален фотоапарат за потребите на Заедницата во износ од околу 1.500,00 кн. поради дотраеност на стариот;
- Почнувајќи од 01.03.2013 година, на административниот секретар на Заедницата, Е. Петровска, да се зголеми исплатата на паричниот додаток за месечна карта за јавен градски превоз (ЗЕТ+ХЖ) од 573,00 кн. на 609,00 кн. поради поскапување на истиот;
- Да се прати допис до „МТВ САТ“ со прашање зошто веќе некое време не се емитува нивната програма;
- Се даруваат 50 примероци од најновата книга „Македонско-хрватска тангента“ на авторот Сашо Георгиевски, и по 10 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 70,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 160,00 кн.;

- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Сонце“ на авторот Анка Рабузин, и по 10 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 40,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;
- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Песни од душа“ на авторот Мирјана Мајиќ, и по 10 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 40,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;
- Се даруваат 10 примероци од книгата „Егзил во македонската книжевност“ од Борјана Прошев-Оливер на библиотеката на Филозофскиот факултет во Загреб на нивно барање (прилог);
- Се даруваат 20 примероци од книгата „Бели мугри“ од Кочо Рацин за библиотеката на МКД „Билјана“ од Задар на нивно барање (прилог);
- Овогодишните манифестации на Заедницата и друштвата да се посветат на следните јубилеи: 110 г. од Илинденското востание, 110 г. од смртта на Гоце Делчев, 110 г. од издавањето на книгата „За македонските работи“ од Крсте Петков Мисирков, 120 г. од смртта на Григор Прличев, 100 г. од Букурештанскиот спораზум и 20 г. од издавањето на „Македонски глас“;
- Му се одобруваат на претседателот на МКД „Македонија“ од Сплит, Ангел Митревски, по две дневници за присуствување на седниците на УО на Заедницата во Загреб поради лоши собраќајни врски;
- Дописите и поканите што пристигнуваат на име на претседателот на Заедницата, секретарката да ги проследува до претседателот Орце Ламбевски, а останатите што пристигнуваат на име на Заедницата, да се проследуваат и до потпретседателите.

На крајот, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновите книги „Македонско-хрватска тангента“ од Сашо Георгиевски, „Сонце“ од Анка Рабузин и „Песни од душа“ од Мирјана Мајиќ, како и по еден ЦД со фотографии и хронологија од старо Скопје за друштвата, а претседателот Ламбевски им подели книги и гласила што ги доби на подарок на Семакедонскиот собир во Прилеп.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Ламбевски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **17.20** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Орце Ламбевски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ